Организација за запознавање и патување ЏИП ТУРНЕЈА-МАРИОВО
Адреса: Braka Mingobi br. 18 Битола, Македонија
Тел: + 389 47 203 330 mob: 00389 70 237 108
Web: http://www.mariovo.mk/en/documents/cat_view/39-in-general-about-mariovo/55-rural-tourism/57-mariovo-tours.html
Е-адреса: marijovo@t-home.mk

# Правилник за Џип турнејата Мариово .

## 1. Општи правила

### 1.1. Организација

Џип Турнеја Мариово 2011 претставува туристичко возење со теренски возила 4 x 4, совладување на препреки низ тешко проодни терени низ Мариово организирано од страна на здружението Џип Турнеја Мариово.

Турнејата ќе се одржи во Јуни ______ г. и ќе се вози во должина од 230 км, претежно земјен пат. Стартот на турнејата е пред Спортската Сала Младост на ____Јуни ______ во 06.30 ч.

За сите потребни информации, упатства, агенда, правилник и се останато што е потребно за оваа турнеја, а воедно и за информации за Мариовскиот крај, подетално можете да се информирате на веб порталот http://www.mariovo.mk/

Организаторот го задржува правото за измени на агендата, како и правилникот доколку се случат неочекувани работи, но се обврзува на време да ги извести учесниците.

### 1.2. Учесници

На Џип Турнеја Мариово ______ може да учествува секој кој е заинтересиран и има теренско возило (4x4) за офф-роуд планински терен.

Секое возило мора да има минимум два члена (екипа), а максимум според бројот од сообраќајната дозвола. Возачот и еден од совозачите мора да поседуваат важечка возачка дозвола.

Пред почетокот – стартот екипата мора го има пополнето пријавниот лист, изјавата и да ја има платено котизацијата одредена од организаторот.

### 1.3. Котизација

Котизацијата се плаќа по член на претходно наведената жиро сметка, уплатниците се прикажуваат на посебно место одредено кај самиот старт.

## 2. Услови за учество

Сите возила мора да бидат регистрирани за возење. Покрај возачот и совозачот кои се задолжителни може да има и уште учесници, онолку за колку е возилото регистрирано (сообраќајна дозвола). Забрането е употреба на аграрни возила и опрема (трактори, тракторски гуми, гасеници, моторни пили..).

На СТАРТОТ секое возило мора да има залепено стартен број од двете страни на возилото, на видливо место.

### 2.1. Минимална НЕОПХОДНА опрема за учество:

-појас
-прва помош
-сајла за шлепање
-противпожарен апарат
- шатор за спиење

### 2.2. Препорачана опрема:

-средства за комуникација (радио станици, моб. тел.)
-заштитни ракавици
-вода за пиење
-основен алат
-гумени чизми
-преден винч
- заштитна трака за дрв

## 3. Генерални правила за време на возењето

### 3.1. Сигурност на учесниците

Во текот на возењето возачот и совозачот се должни да ги користат сигурносните појаси. За време на возењето се забранува употреба на алкохол.

Се забранува претекнување за време на возењето, непочитувањето ќе се казнува со неучество на посадата во наредните возења.

Учесниците за време на турнејата мораат да се придржуваат до инструкциите на организаторот.p214472

### 3.2. Заштита на животната средина

Забрането е фрлање на ѓубре по патеката или на било кое место кое не е предвидено за тоа.

Сите екипи мора да водат сметка за приватните површини. Доколку не се наоѓаат на правиот пат, а наидат на приватна земја (ливади, засејани површини..), НЕ СМЕАТ да се движат по истите.

Во спротивно ќе ги сносат сите трошоци доколку дојде до тужба.

### 3.3. Државни правила

Поради тоа што дел од патеката води низ населени места и јавни патишта, се обврзуваат сите учесници да се однесуваат во склад со постоечките сообраќајни прописи.

### 3.4. Спортско однесување

Секоја екипа која од одредени причини заостанува зад другите или е во дефект должна е да го пропушти возилото кое се движи зад нив доколку тоа го дозволува теренот. Доколку се во можност, се препорачува помош на другите екипи.

Во случај на незгода, посебно ако има повредени сите учесници се должни да помогнат и што побргу да ги известат организаторите.

## 4. Возење

### 4.1. Објаснување

Џип Турнеја Мариово ______ е туристичко возење по шумски патеки (земјен пат) на кои се наоѓаат природни препреки: кал, големи успони, зелена трева, камења, вода и друго, на кое учествуваат теренски возила (џипови 4 x 4).

Се вози по терените во Мариовскиот крај.

### 4.2. Начин на возењето

Се вози со стартни броеви, така што не смее да се претекнува во текот на возењето и треба да се запази редоследот на стартните броеви.

### 4.3. Цел на возењето

Целта на ова возење под името Џип Турнеја Мариово ______ е запознавање на убавините на Мариово, културно - историските споменици, дружење, соработка со други Авто Мото Клубови од земјава и странство, како и развој на алтернативните спортови и алтернативниот туризам.

### 4.4. Историјат

За прв пат Џип Турнејата Мариово е одржана на 19 и 20 Јуни 2010 година. Позитивното искуство на сите учесници беше мотив плус за претворањето на Џип турнејата во настан, кој би се одржувал најмалку еднаш годишно, со број на членови кој постојано би се зголемувал.

СО ПОЧИТ КОН СИТЕ УЧЕСНИЦИ !

Џип Турнеја Мариово 2011

За сите информации: http://www.mariovo.mk

Организација   за запознавање и патување ЏИП ТУРНЕЈА-МАРИОВО
Адреса: Braka Mingobi br. 18 Битола, Македонија
Тел: + 389 47 203 330   mob: 00389 70 237 108
Web: http://www.mariovo.mk/en/documents/cat_view/39-in-general-about-mariovo/55-rural-tourism/57-mariovo-tours.html
Е-адреса: marijovo@t-home.mk

Лице за контакт ке  бидите  информирани  по прифаканјето на  регистрацијта  и   котизацијата

Mob: + 389 70 237 108

Email: marijovo@t0home.mk